Агенција за деловно посредување и
застапување на авторски права
ВЕДА ДООЕЛ Скопје
Бр. 03-41/2
01.12.2020 год.

REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-11452/6
01-12-2020 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР
# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, претставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, од една страна како **Нарачател**, и

2. **Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права Веда ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Св.Кирил и Методиј 36-3/2, 1000 Скопје, претставувано од управителот Весна Ѓоргиевска, од друга страна како **Давател на услуги**.

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на Одлуката за јавна набавка за услуги бр.10-11452/1 од 19.10.2020 година, спроведената постапка за набавка од мала вредност која завршува со е-аукција бр.10-11452/2 од 19.10.2020 година и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-11452/5 од 09.11.2020 година.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој Договор е набавка на услуги за период од една година за ангажирање на авторска агенција за потребите на Министерството за образование и наука преку која ќе се реализира исплатата на договорите на дело, авторските договори и други договори со кои е определен надоместок за извршената работа согласно Законот за авторското право и сродните права и други услуги од авторска агенција, согласно тендерската документација бр.10-11452/2 од 19.10.2020 година.

## 3. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на овој договор изнесува 550.000,00 (петсотини и педесет илјади денари) без ДДВ, ДДВ изнесува 99.000,00 (деведесет и девет илјади денари), а вкупната вредност со ДДВ изнесува 649.000,00 (шестотини четирисет и девет илјади денари).

## 4. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 5**

Давателот на услугите се обврзува услугите кои се предмет на договорот да ги испорача сукцесивно, согласно потребите на Нарачателот, по поединечно писмено барање во рок од една година од денот на потпишување на договорот од двете страни.

Давателот на услугите, за извршените услуги од член 3 од овој Договор, наплаќа агенциска провизија од 0,63 % без ДДВ, односно вкупно 0,74 % со вклучен ДДВ од 0,11 %, за секоја извршена услуга.

Цената се однесува на понудениот процент на провизија од износот на бруто надоместокот, согласно авторскиот или друг вид на договор. Под бруто износ се подразбира збир на нето авторски хонорар и персонален данок.

Фактурата или пресметката која задолжително ќе оди во прилог на фактурата од авторската агенција задолжително да ги содржи следните елементи: Нето авторски надоместок, Бруто авторски надоместок, Даночно ослободување - процентуално и во апсолутен износ, Персонален данок и процентуално и во апсолутен износ, Агенциска провизија на бруто износ со пресметан ДДВ - процентуално и во апсолутен износ, Данок на додадена вредност - процентуално и во апсолутен износ и Вкупно за исплата.

Дел од задолжителните елементи може да се содржани и во пресметка која би се доставила во прилог на фактурата.

Доколку Давателот на услуги доставува фактури и пресметки кои не ги содржат задолжителните елементи истите ќе се сметаат за невалидни и ќе бидат вратени, а договорот ќе биде раскинат.

По исплатата на средствата од страна на Нарачателот, давателот на услугите ќе поднесе електронска пресметка за приход и данок (е-ПДД) и ќе изврши исплата на авторите во рок не подолог од 3 (три) дена.

Доколку исплатата до крајниот корисник не може да се изврши, агенцијата е должна во рок од 3 (три) денови писмено да го извести нарачателот и да побара корекции на податоците за исплата. Доколку исплатата не може да се реализира, средствата се враќаат на нарачателот во рок од 14 дена од примената уплата, а за вратениот износ се доставува и книжно одобрение

Давателот на услуги е должен при секоја исплата да му издаде на авторот/обврзникот примерок од пресметката за аконтација на данокот. Давателот на услуги е должен по истекот на годината најдоцна до 30 април наредната година да му издаде на авторот/обврзникот збирен податок за вкупно платената аконтација, односно писмено известување за приходите остварени од нарачателот во текот на претходната календарска година, по видови и тоа:

1.Висината на бруто износ на приход,

2.Вкупен износ на одбитоци и

3.Вкупен износ на платени аконтации за персонален данок.

Давателот на услуги е должен да обезбеди гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот со вклучен ДДВ. Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот давателот на услугите ја доставува по потпишување на договорот од страна на нарачателот во рок од пет дена. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

**Член 6**

Исплаќањето на средствата од член 5 став 2 на овој Договор ќе се врши во рок од 30 дена од прием на фактурата.

Фактурата се смета за исправна доколку ги исполнува критериумите утврдени во член 5 став 2, како и наведен архивскиот број и називот на договорот врз основа на кој е издадена, наведен рокот за плаќање од став 1 на овој член.

Фактурата која не ги задоволува горенаведените критериуми се смета за неисправна и ќе биде вратена во законски рок.

Начинот на плаќање е задолжителен.

5. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и е со важност од 1 (една) година или додека не се достигне вкупната вредност на договорот утврдена во член 3 од овој договор.

**Член 8**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 9**

Нарачателот има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Давателот на услугата прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Нарачателот или во случај Давателот на услугата да не се придржува кон обврските од член 5 на овој Договор.

**Член 10**

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Давателот на услугата, истиот е должен на Нарачателот веднаш без одлагање да му ги подмири и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на Нарачателот.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс на Договорот.

**Член 12**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

**НАРАЧАТЕЛ,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА,**
**Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права Веда ДООЕЛ Скопје**

**Управител,**
**Весна Ѓоргиевска**

Изготвил: Наташа Димовска
Одобрил: Милка Масникоса
Согласен: Маја Бичиклиска